**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 март 2019 година.

Бр. 08-2171/2
17 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18), членот 92 се менува и гласи:

„Одредбата од членот 405 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), нема да се применува до 1 јануари 2021 година.

На граѓаните кои што се имаат стекнато со потврда за положен возачки испит за категориите „АМ“, „А2“ и „Т“ до 1 јануари 2019 година и на граѓаните кои ќе положат возачки испит за категориите „АМ“, „А2“ и „Т“ до 1 јануари 2021 година, Министерството за внатрешни работи им издава потврда за положен возачки испит со право за управување возило во сообраќајот.

Потврдата од ставот 2 на овој член се издава со важност до 1 јануари 2021 година.

Формата и содржината на образецот на потврдата од ставот 2 на овој член ќе ја пропише министерот за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.